ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:15-278/13**

**Дата:** 23.09.2014

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (во натамошниот текст Министерството) на сметката на буџетот на донации (785) за 2013 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Не е вршена ревизија за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.
За финансиските извештаи на Министерството за 2013 година изразивме позитивно мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за усогласеноста со законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Со извршената ревизија на финансиските извештаи на сметката на буџетот на донации за 2013 година констатирано е дека Министерството не ги известило Министерството за финансии на РМ за одобрената донација и за износите кои ги користи во тековната и наредните фискални години.
Ревизијата изврши обелоденување на продолжувањето на роковите за обезбедување на техничка поддршка на проектот Злетовица за производство на електрична енергија и наводнување, која се состои во изработка на техничка документација од Консултант. Имено работата требала да биде завршена во јули 2012 година, подоцна рокот бил продолжен до декември 2013 година, при што до периодот на извршување на ревизијата работата се уште не е финализирана и се очекува да се склучи нов анекс договор со кој рокот ќе се продолжи до 31 декември 2014 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-278/7 од 22.07.2014 година.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај на страната 7 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на буџетот на донации (785) на Министерството, која се состои од биланс на приходи и расходи за 2013 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на сметката на буџетот на донации (785) на Министерството за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај застапувано од:

- Љупчо Димовски – министер, потписник од 10.04.2013 година;
- Кадир Салих – директор на Управата за водостопанство, потписник од 10.04.2013година;
- Михаил Цветков – директор на ЈП ХС Злетовица Пробиштип, потписник од 10.04.2013 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на Министерството се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цел и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на

финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 12.05.2014 до 23.05.2014 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги опфаќа овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Министерството– предмет на ревизија, одржан на ден 28 мај 2014 година.
Не се примени забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 15-278/7 од 22.07.2014 година.

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Одговорните лица во Министерството, не доставиле известување до Министерството за финансии за висината на добиената донација, износите кои ќе се користат во тековната и наредните фискални години, како и месечен податок за користењето на средствата од донацијата, што не е во согласност со член 35 од Законот за буџетите.

Недоставените навремени и точни информации до надлежната институција има влијание на начинот на следење на користењето на средствата од донацијата од нивна страна.

**Препорака**

Одговорните лица до Министерството за финансии на РМ, да достават податоци за износите од донацијата кои ќе се користат во тековната и наредните фискални години, како и податоци на месечна основа за користењето на средствата.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството на ден 31 декември 2013 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

5. **Нагласување на прашања за неизвесност**

Ревизијата смета дека потребно е да се обелоденат состојбите кои според својата материјалност претставуваат важни позиции во финансиските извештаи на Министерството и тоа:

Во септември 2011 година Европската инвестициона банка (во натамошниот текст ЕИБ), Министерството и ЈП ХС Злетовица Пробиштип, склучиле договор за техничка поддршка на проектот Злетовица за производство на електрична енергија и наводнување. Со овој договор од страна на ЕИБ одобрен е грант во износ од 1.000.000 евра за финансирање на консултантски услуги за изработка на техничка документација за Фаза II и Фаза III[1]. Во 2013 година од буџетската сметка за донации на Министерството исплатен е аванс во износ од 20% од вредноста на грантот или 12.164 илјади денари на избраниот Консултант.
Според одредбите од овој договор изработката на техничката документација требало да започне во ноември 2011 година и да заврши до јули 2012 година. Овие рокови се надминати, при што во јули 2012 година е избран Консултант (правно лице од Република Бугарија) и со истиот е склучен договор. Реализацијата на договорот требала да заврши во рок од седум месеци, односно до јануари 2013 година. Поради задоцнување во извршувањето на работата, склучен е анекс бр. 2 кон договорот, со кој рокот за изработка на техничката документација е продолжен до 31 декември 2013 година.
По барање на ревизијата, од страна на ЈП ХС Злетовица Пробиштип доставена е информација за напредокот на консултантската услуга и степенот на завршеност на техничката документација, при што утврдено е дека поголем дел од работата е завршена и од страна на ЕИБ е одобрена Физибилити студијата за Фаза III, додека за Фаза II потребни биле мали корекции. Поради тоа, од страна на претставникот на ЕИБ било предложено да се продолжи рокот до 31 декември 2014 година и да се склучи нов анекс кон договорот.

[1] Фаза II –Наводнување од околу 4.500 ha во регионот на општините Пробиштип и Кратово. Фаза III – Изградба на осум мали хидроцентрали во вкупна инсталирана моќност од 10,9 MW и планирано годишно производство на електрична енергија од 48 GWh.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2013 ГОДИНА

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2013 | 2012 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 12.164 | - |
| **Вкупно приходи** | **12.164** | - |
| **Расходи** | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 12.164 | - |
| **Вкупно капитални расходи** | **12.164** | - |
| **Вкупно расходи** | **12.164** | - |